МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3153/**

# З А П И С Н И К

**Од 219.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 29.05.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Јана Граматниковска-Одделение за човечки ресурси во МРТ и Виолета Димеска-Одделение за планирање и буџет во МРТ.

**219.седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 15.00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 218.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радио Телевизија.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 218.Седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 218.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 218.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 218.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разлгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радио Телевизија.**

Вовед во оваа точка даде Јана Граматниковска од Одделението за човечки расурси во МРТ, која објсни дека поради обемот на работа и потребите на Секторот за управување со човечки ресурси за стручен кадар се прави измена во видот на образованието во Секторот за управување со човечки ресурси во Одделение за оценување и кадрова евиденција.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радио Телевизија и даде согласност на истиот.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радио Телевизија.

■**Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радио Телевизија** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радио Телевизија е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3: Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со дополнување на средства.**

Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димеска од Одделението за планирање и буџет во МРТ која пред присутните обасни дека ЈРП Македонска Радио Телевизија и Здружението на новинари на Македонија-ЗНМ склучија меморандум за соработка,чиј предмет на работа е соработка помеѓу двете институции, односно работа на заеднички активности во рамки на годишните планови за работа.
Меѓу другото оваа соработка опфаќа и обуки вработените новинари и сниматели во МРТ во интерес на градење на капацитетите за подобрување на новинарски вештини, безбедноста на новинарите и професионално известување.
Оттука со цел успешна реализација на споменатите обуки, потребно е да се изврши измена на Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2023 година со дополнување на средства.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2023 година со дополнување на средства и дава согласност на истиот.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година,со дополнување на средства.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година, со дополнување на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година со дополнување на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
Заменик Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија побара на наредните седници на Програмскиот совет на МРТ свое присуство да обезбеди и Диекторот на заеднички функции и администрација на МРТ, како што беше пракса и предходно.

По расправата по однос на оваа точка беа предложени следниве **Заклучоци:**
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да побара од Комисиите за избор на програма во МТВ, да ги достават сите Одлуки за избор на програмски содржини по јавните повици за 2023 година.

●Програмскиот совет на МРТ бара од Надзорниот одбор на МРТ да достави Информација дали има изготвено предлог регулативата за откуп на програмски содржини и копродукциски проекти.

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави Информација по однос на спецификацијата за набавка на ВОД платформа и/или Веб сајт на МРТ, и други активности од усвоената Стратегија за развој на МРТ.

-По спроведеното гласање Заклучоците беа едногласно **усвоени** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател